Бр./Nr 09 - 2232/2
19-10-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 40 став 2 од Деловникот за работа („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 39-та седница, продолжение одржана на ден 07.10.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-2232/1 од 02.04.2019 година, доставена од непознат СЕ ОТФРЛА.

Државната комисија нема доволно елементи за да покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси при постапки за вработување во Општина --------------, согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-2232/1 од 02.04.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Оформен е предмет со број 09-2232/1 од 02.04.2019 година врз основа на анонимна пријава во која има наводи за судир на интереси при постапка за вработувања во општина ---------------, во дом „---------------. Понатаму, Градоначалникот на ------------------ си ја има унапредено сопругата, без да се наведе во која институција е вработено лицето. Во образованието во -------------- се примени партиски кадри, без да се наведе во кои институции, дали се работи за средно или високо образование. Понатаму во пријавата има наводи дека во пожарниот дом се вработени партиски кадри. Понатаму е наведено дека тендерите за јавни набавки ги добиваат истите лица кои се блиски до владејачкото мнозинство, без да се наведе за кои институции станува збор. Директорот на Здравствен дом во ------------------- ја префрлил во Центарот за социјална работа. Во пријавата е наведено барање да се испитаат сите вработувања во правда, образование, детска заштита, пензиско осигурување, управа за јавни приходи и слично.

Пријавата која е доставена е анонимна и Државната комисија не може да побара допрецизирање. Врз основа на вака констатирана фактичка состојба нема доволно податоци за да покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М. –Виш соработник
Одобрил: Г.Т. Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**